**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 15 – 1/2010
Загреб, 20. 03. 2010.

# З А П И С Н И К

од **6. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **20.03.2010. година** со почеток во **12.30 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Б. Штерјов – Загреб, З. Петровски – Пула и И. Дуноски – Риека.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата и протојереј К. Велински, свештеник на МПЦ во РХ.

Седницата ја водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. Тој веднаш образложи дека поради временски неприлики и болест, седницата се одржува седум дена покасно, за што беа правовремено телефонски известени и согласни сите членови на УО. Потоа, му даде збор на протојерејот К. Велински кој ги поздрави сите присутни и им ја соопшти радосната вест дека на 19 март 2010 година е потпишан Договор меѓу Град Загреб и МПЦО „Св. З. Мегленска" за купопродажба на земјиште со локациска дозвола за градба на Македонска православна црква со пасторален центар во Загреб (прилог). Со потпишувањето на овој Договор и исплаќањето на вкупниот износ од 1.434.000,00 кн., исполнети се и завршени сите услови за градење црква со надеж дека камен-темелникот ќе биде поставен уште оваа година. Во овој историски момент за Македонскиот народ потребни се слога и заедништво, секаков вид на логистичка и финансиска помош од друштвата, фирмите, поединците, па затоа се апелираше на проширување на оваа вест, за да можеме сите ние заедно со добра волја и донации да помогнеме во изградбата. Членовите на УО во добро расположение го прифатија овој апел со ветување за негово што поскоро спроведување.
По честитките, седницата продолжи со работниот дел. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки, претс. А. Митревски ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 5-та седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.01.-31.03.2010.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат на седницата во писмен

облик во 2 копии (едната останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, а другата ќе се доставува до Амбасадата на РМ во РХ), а останатите 5 копии на Информаторот, друштвата меѓусебно директно треба да си ги проследат пред седницата;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2009. godine“ со трошковниците;
4. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
5. Усвојување на Планот и програмата на работа за 2010 година до Советот за национални малцинства на РХ од Заедницата и Друштвата;
6. Договор околу реализацијата на програмите во 2010 година и усвојување на донесените одлуки;
7. Донесување на одлука за датумот на одржувањето на редовното Собрание на Заедницата, како и за припремните постапки и работните тела на истото;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 5. седница (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и предаден од страна на друштвата (освен Осиек и Пула) и Заедницата (прилог).

**Ад. 3.** За годишното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.12.2009. godine“ за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и предаден до Советот (прилог), заедно со Извештаите на друштвата. Тој ги извести присутните дека финансиските извештаи на Заедницата и друштвата од страна на Советот за национални малцинства на РХ се оценети како едни од најквалитетно и најкоректно изработени по зададената Методологија, во споредба со извештаите на здруженијата на останатите национални малцинства, па со тоа е дадена препорака за понатамошно финансирање на Заедницата. Ј. Цветичанин рече дека во име на вистината треба да се знае дека на изложбата „Етно ракотворби на МКД-а во РХ“ која се одржа минатата година во Задар, учествуваа сите МКД-а освен Осиек. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **со 6 гласа за и 1 против (Б. Штерјов) го усвоија** годишниот Извештај заедно со трошковниците, патните налози и авторските хонорари.

**Ад. 4.** Е. Петровска ги информираше присутните за спроведената инвентура на имотната состојба на Заедницата од страна на Инвентурната комисија (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува записникот од состанокот на Инвентурната комисија на Заедницата;
- По предлогот на Инвентурната комисија, се извршува отпис на дел од имотот од „Порцуланка – промет“ која не е веќе за употреба (прилог бр. 4.).

**Ад. 5.** Претс. А. Митревски ги извести присутните дека изработката на кварталниот Извештај за првото тромесечје од оваа година што се предава во Советот се одложува, сè додека од Советот не пристигне известување за новиот начин, односно измените во изработката на самиот Извештај. Се очекува Советот да подготви формулари со чие пополнување всушност, ќе се изработува Извештајот. Тие формулари ќе бидат објавени и достапни на интернетските страници на Советот и ќе можат оттаму да се преземат. Исто така, Митревски рече дека на седницата на Советот за национални малцинства при

Владата на РХ, одржана на 17 март годинава, се донесе Одлука за доделување на финансиски средства од Државниот буџет на Хрватска, според која, на Заедницата и друштвата се доделени вкупно 785.000 кн. за реализација на програмите во 2010 година (прилог), што е за околу 3,5 % помалку во однос на ребалансираните средства од минатата година. Тој нагласи дека поради глобалната кризна ситуација може се очекува уште еден ребаланс во текот на годинава, па и понатаму треба да се применуваат ригорозни мерки за штедење на средствата и не смее да се случи да дојде до пробивање на трошоците во рамките на добиените средства за програмските активности, бидејќи таквото пробивање во иднина нема да се толерира. Истото вреди и за временската реализација на програмските активности, односно програмите што нема да се реализираат во тековната година во која добиле финансиски средства, не смеат да се пренесуваат во наредната, туку ќе се сметаат за неостварени. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува Планот и програмата на работа за 2010 година;
- Заедницата со секое МКД посебно, да склучи Договор за заедничко финансирање на дел од заедничките активности на Заедницата во износ од 16,667% од добиените финансиски средства од Советот за Културен аматеризам;
- Од средствата добиени од Советот за Културни манифестации на ниво на Заедницата, а во реализација со МКД-а, да се одвојат 16,667% од добиените финансиски средства, за подмирување на режиските и останатите трошоци на Заедницата;
- Од средствата добиени од Советот за Информирање, да се одвојат 19,54% за подмирување на режиските и останатите трошоци на Заедницата;
- Од средствата добиени од Советот за Издаваштво, да се одвојат 9,09% за подмирување на режиските и останатите трошоци на Заедницата.

**Ад. 6.** Под оваа точка беше даден предлог изложбата на македонскиот академски сликар Александар Јанкуловски Цане, која е моментално поставена во Сплит, доколку се покаже интерес, и другите друштва можат да ја преземат и постават во своите градови. Како втор предлог беше и гостувањето на ансамблот „Танец“ во Хрватска, во период од крајот на април до средината на мај, па заинтересираните друштва можат исто така, да договорат настапи во своите градови. За оваа година поднесени се и Проектни пријави до Министерство за надворешни работи на РМ, Сектор за дијаспора (СзД), а преку Амбасадата на РМ во РХ, за два проекта: Училиште по македонски јазик со работилници за децата од дијаспората „Се запознаваме со нашето потекло“ со реализација во Рогач на островот Шолта и Наставно патување низ Македонија за децата од дијаспората „Да ја запознаеме нашата татковина“ со реализација во Охрид, Битола Крушево, Гевгелија, Велес, Штип и Скопје, РМ. Потоа, повторно се нагласи манифестациите предвидени со Планот и програмата на работа за 2010 година да се реализираат во рамките на доделените средства, а меѓусебните гостувања на друштвата на манифестациите да се остваруваат на сопствен трошок.

**Ад. 7.** Поради заштеда на средствата и смалување на трошоците, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** седницата на редовното Собрание на Заедницата да не се одржува оваа година.

**Ад. 8.** Под точката разно, претс. А. Митревски рече дека според Одлуката за доделување на финансиски средства од Државниот буџет на Хрватска, под точката „VII Создавање претпоставки за остварување на културна автономија“, оваа година од Советот на Заедницата и е одобрен износ од 50.000,00 кн. за реновирање и адаптација на просториите на Заедницата и набавка на канцелариска и техничка опрема. Од тие средства пред сè,

приоритетно ќе се набави нов компјутер за Заедницата и ќе се изврши реновирање на канцеларијата на Заедницата, како што е поправка на прозорите и поплочување на балконот, кречење, фарбање и др., со што се согласија сите членови на УО. Исто така, според понудите на мобилните оператори, сите друштва треба што поитно да ги достават потребните документи поради набавка на мобилни телефони и меѓусебно умрежување на Заедницата и друштвата. Во врска со протестот кој го упати Семакедонската координација во РХ до УО на Заедницата, беше заземен став дека е тој неоснован, бидејќи друштвата беа задолжени на локално ниво да праќаат покани за манифестацијата за Кочо Рацин во Самобор. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се одобрува Заедницата да додели благодарница на „ЕАМ конфекција" од Штип, РМ, за донацијата на дресови за репрезентацијата на Заедницата во мал фудбал;
- Се одобрува Заедницата да додели благодарница на „Нова Македонија" од Скопје, РМ, за благовремено и коректно известување на граѓаните на РМ за активностите на Заедницата;
- Се одобрува Заедницата да додели благодарница на Министерството за образование и наука на Република Македонија – Сектор за унапредување на основното и средното образование, за обезбедување на учебници за училиштата на македонски јазик во Република Хрватска, во Загреб, Сплит, Пула, Риека и Осиек;
- Да се прати до Амбасадата на РМ во РХ барање за нејзино мислење и службен став за иницијативата на претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, во врска со неговото барање за давање на знаме, грб и химна на МНМ во РХ;
- Доколку некој од членовите на УО биде спречен да присуствува на некоја од редовните седници на УО на Заедницата, еднаш годишно има право да го замени друг член од неговото Друштво (овластен од членот на УО кого го заменува), со платени патни трошоци од Заедницата, но без право на глас во донесување на одлуките (**со 6 гласа за и 1 воздржан**);
- Не се усвојува иницијативата за заедничка реализација на предлог-проектот од Медитеранската академија „Браќа Миладиновци" од Струга (прилог), поради неправовремено известување и недостаток на финансиски средства за таа намена;
- Да се координираат друштвата и со организација на хуманитарни акции и собирање на финансиски средства, да му се помогне на малиот Јане Велковски кој болува од СМА-спинална мускулна атрофија, за да може да отпатува во Германија на третман со матични станици.

По ова, сите теми за расправа беа исцрпени и претс. А. Митревски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **16.35** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ